Совет на Општина Кичево
бр.08-1020/2
28.04.2023 год.
Кичево

# З А П И С Н И К

**Од 20-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 28.04.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10.00 часот**

Седница ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири,а присутни беа и советниците : Камер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јаќимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутфиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели, Виктор Алексоски , Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.
На седницата присуствуваа и претставници од општинската администрација на Општина Кичево: Анета Настеска-секретар на Општина Кичево, Валдет Селими (правни и општи работи), Димче Миловски, Беким Мустафај (урбанизам),Мите Димитријоски, Директорката на Центар за југозападен плански регион-Мирјана Лозаноска.

Претседателот го прочита предлог-дневниот ред
**<u>Предлог дневниот ред е следен:</u>**

1. Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година.
2. Завршна Сметка за 2022 година, на центарот за развој на Југозападен плански регион за проектот „Рамномерен регионален развој стабилен и инклузивен“.
3. Предлог Правилник за пресметка на плати на јавните службеници во Општина Кичево.
4. Предлог Одлука за преземање долг.
5. Предлог Одлука за избор на членови во Управениот одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево.
6. Предлог Одлука за избор на членови во Надзорен одбор во ЈП „Комуналец “ Кичево.
7. Предлог Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за индустриска зона „Запад“ УЕ „И“ , Блок „ИЗ“ – дел 1, Општина Кичево.
8. Предлог Одлука за утврдување на измена и дополна на Нацрт ДУП за населба„Кутлабица 2“ УЕ „Г“, Блок „Г 9“ – дел, Општина Кичево.
9. Разно: Разгледување на барања.

Пред да се започне со дневниот ред Председателот упати честитки по повод поминатите Велигденски и Бајрамски празнувања и информираше дека најнапред ќе се усвојуваат Записникот од 18-та седница и Записникот од 19-та седница.

Бидејќи немаше дискусии по записникот од 18-та седница истиот беше ставен на усвојување и се усвои со 23-гласа-За, немаше против и немаше воздршани.

Бидејќи немаше дискусии по записникот од 19-та седница истиот беше ставен на усвојување и се усвои со 23-гласа-За, немаше против и немаше воздршани.

По однос на дискусиите по предлог дневниот ред за дискусија се јави советникот:

**Агим Садику:** Имаше една забелешка во врска со техничка грешка во преводот на Решението за свикување на седница каде во албанскиот дел стоело 28.03.2023 наместо 28.04.2023 година.Како второ по точките 3 и 4 требало да се одржи состанок на комисија за финансиски прашања.
**Лазе Јаќимоски:** Истакна дека има еден предлог во врска со предлог дневниот ред како и прашање околу точките 5 и 6.Иако на претходните седници во врска со ова имало богата расправа и ветувања сепак не е јасно зошто упорно и свесно се оди кон тоа да се прекрши Статутут на јавното претпријатие кој предвидува 5 члена на управен одбор а упорно се предлагаат 7 и како второ во измените на законот за јавни прептријатија во член 17а јасна е процедура за избор на членови на управен и надзорен одбор а тоа е дека на предлог на Градоначалникот се избира комисија за селекција кој ја води постапката и до тука е добро но проблемот е тоа што до сега како Совет во материјалите за седница нема документи од спроведената административна селекција и спроведеното интервју и како дошло до оваа предложена ранг листа и кои каднидати и дали овие предложените ги исполнуваат општите и посебни услови за избор. Од тие причини побара повлекување од дневен ред на точките 5 и 6.
**Абдула Сејдини:** Се надоврза на оваа дискусија со појаснување дека најпрво треба да има измени во Статутот на препријатието па после да се изберат 7 члена на управен бидејќи сегашниот статут предвидува 5.Тоа е едно е второ треба да се достави извештај до советот од административната селекција на кандидатите за членови како и извештај од спроведеното интервју.
**Анета Настеска:** Одговори дека извештаите може да се добијат по е-маил во текот на седницата и дека само еден од пријавените кандидати не ги исполнувал условите за избор. Дополни дека ранг листа со бодување имало на веб страницата.
**Абдула Сејдини:** Не требало само празни зборови туку видливи документи –записник од административна селекција и од интервју.
**Скендер Џабири:** Предлогот на советникот Лазе Јаќимоски за повлекување на точките 5 и 6 од дневниот ред беше ставен на усвојување и истиот **не се усвои** со 9 гласа-За, 12 гласа-против и 2 гласа-воздржани.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по предлог дневниот ред истиот се стави на усвојување и се усвои со 13 гласа-За, 6 гласа-против и 4 гласа-воздржани.**

**1. точка-** Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година.

**Мирјана Лозаноска (ЦЈЗПР):** Објасни дека извештајот и годишната сметка се согласно Правилникот од Министерството за локална самоуправа од 2021 година и содржи наративно и табеларно објаснување за активностите, стратешките цели и мерки и акциски планови.Во 2022 година се реализирани 54 проектни активности од општини или јавни претпријатија, организирани се два форумски циклуси и две работилници за комункациски вештини, одобрени се и два поголеми проекти за реконструкција на нефрологија во Струга и реконструкција на кардиологија во Охрид како и реализирани проекти од област на улици и комунална инфраструктура низ повеќе општини.Конкретно за Општина Кичево во тек е реализација на проект за реконструкција на подрачно училиште од Фаик Коница во с.Бачишта каде во моментов течат активности, додека во наскоро време треба да започне и проектот за поставување на фотоволтаици на 6 објекти во Општина Кичево.Активностите на центарот можеле да се следат преку социјалните мрежи и медиуми, додека пак Советот на ЈЗПР во претходната година одржал 6 седници на кои се усвоени сите финансиски извештаи како и завршната сметка.
**Валентина Лазаревска:** Се заблагодари на директорката за излагањето и додаде дека по нејзино мислење и по направената анализа на извештајот Општина Кичево е малку застапена во проектите имаше прашање која е причината за тоа.Дали секоја општина сама аплицира со проекти или тие во рамки на сите 9 општини?

**Мирјана Лозаноска:** Одговори дека Центарот има редовни задолжителни форуми и Совет во кој членуваат Градоначалниците и на кои се предлагаат проекти од самите општини до Центарот.Проектните активности се утврдени со Буџет.А според големината на општините од ЈЗПР има предвидено буџет за секој општина.Секоја од општините во овој плански регион годишно добива еден или два покрупни проекти како што го спомената примерот претходно за реновирање на училиштето во с.Бачишта и поставувањето на фотонапоснки панели на 6 јавни објекти во Општина Кичево.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по првата точка-** Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година **се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**2.ТОЧКА –** Завршна Сметка за 2022 година, на центарот за развој на Југозападен плански регион за проектот „Рамномерен регионален развој стабилен и инклузивен".

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по втората точка-** Завршна Сметка за 2022 година, на центарот за развој на Југозападен плански регион за проектот „Рамномерен регионален развој стабилен и инклузивен" **се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**3.ТОЧКА -** Предлог Правилник за пресметка на плати на јавните службеници во Општина Кичево.

**Анета Настеска:** Објасни дека најпрво има мала техничка грешка во првично доставените материјали по однос на оваа точка кај одредени кефициенти кои сега се исправени и се работи за измена од практични причини како резултат на законот за минималната плата заради усогласување на платите на одредени категории на вработени, а сето ова е вкалкулирано и во Буџетот за 2023 година.
**Агим Садику:** Истакна дека се согласува со предложените измени на Правилникот за пресметка на плати и се надева дека се добро вкалкулирани и можеби и требало и порано да се донесат за да нема случаи некои вработени да земаат плата која е под минималната, повтори дека за подетално објаснување сепак требало да се одржи седница на комисијата за финансиски прашања.
**Валбона Адили Емини:** Имаше едно прашање а тоа е дека во материјалите се содржеле вработени во кујна, прашањето е дали во општината функционира кујна со вработени?
**Анета Настеска:** Одговори дека се работи за кувар и помошник кувар кои се вработени во народната социјална кујна во интернатот а плата примаат преку општина.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по третата точка-** Предлог Правилникот за пресметка на плати на јавните службеници во Општина Кичево **се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**4.Точка-** Предлог Одлука за преземање долг.

**Скендер Џабири:** Истакна дека се работи за долг на средното училиште „Мирко Милески" за што подетално ќе објасни секретарот.
**Анета Настеска:** Додаде дека се работи за превземање и наплата на долг на средното училиште „Мирко Милески" кое доставило барање до општината за превземање на долгот кој се однесува на пристигнати фактури во врска со направени анализи во училштето во врска со сигурноста на работното место кои биле задолжителни, а бидејќи училиштето е со блокирана сметка бара од општината истите да се наплатат.
**Агим Садику:** Посочи една техничка грешка во предлог одлуката во албанскиот превод каде стои 2012 година наместо 2022 година, да се корегираа тоа и додаде дека неслучајно споменал дека требало да се одржи комисија по однос на оваа и претходната точка каде можело да се видат и

фактурите.Отприлика се работело за долг за околу 100.000 денари за што не знае дали ќе се постигне целта во насока на деблокирање на сметката затоа што сумата е мала во споредба на вкупната сума која е долг на училиштето.Негово мислење е дека нема потреба да се превзема овој долг туку дека треба да се бара поинакво решение.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по четвртата точка-** Предлог Одлука за преземање долг **се усвои со 13 гласа-За, 2 гласа-против и 8 гласа-воздржани.**

**5.ТОЧКА -** Предлог Одлука за избор на членови во Управениот одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево.

**Лазе Јаќимоски:** Како што истакнал и претходно повторно додаде дека оваа точка се турка свесно на инает спротивно на Статутот на претпријатитето и Законот за јавни претпријатија за што утре, задутре или понатака може да има одговорност за овие постапки.Според Деловник побара поединечно гласање за оваа и следната 6 точка кога ќе дојде редот.
**Скендер Џабири:** Одговори дека цела постапка е водена согласно закон.
**Агим Садику:** Спорен е бројот на членови на управен одбор кој според Статутот треба да биде 5 а сега се предлагаат 7 членови.Ако се усвои ова вака тоа ќе значи прекршување на Статутот кој самиот Совет претходно го донел.
**Абдула Сејдини:** Имаше прашање дали се доставени извештаите што претходно беа побарани во врска со административната селекција и интервјуто со кандидатите.
**Анета Настеска:** Одговори дека листа со бодови има кај заменик претседателот на комисијата кој е тука и доколку е потребно ќе ја презентираа.
**Лазе Јаќимоски:** Не морало детално да се презентира туку само да се одговори на тоа: Дали двајца од кандидатите ги исполнуваат посебните услови од конкурсот а тоа е дали имаат 5 години работни искуство во дејноста на претпријатието според националната рамка на класификација?
**Абдула Сејдини:** Се надоврза на ова прашање и запраша зошто прво не се менува Статутот зошто вака со оваа одлука истиот ќе се прекрши.
**Валбона Адили Емини:** Истакна дека е добро да се презентираат кандидатите со име и презиме и подетално затоа што не ги познава.
**Валентина Лазаревска:** Додаде дека се согласува и дека треба и биографија на кандидатите да се презентира.
**Скендер Џабири:** Одговори дека Советот на минатата седница изгласал Комисија која ќе ја води и ќе ја спроведува оваа постапка.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по петата точка -** Предлог Одлука за избор на членови во Управениот одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево беше ставена на поименично усвојување:

Скендер Џабири-ЗА, Камер Клоси-ЗА , Дренуше Далипи-ЗА, Валбона Адили Емини-(не гласа), Агим Садику-(не гласа), Абдула Сејдини-(не гласа), Филип Митрески-Против, Михајло Данилоски-(се иззема од гласање како вработен во ЈП Комуналец) , Виолета Спасеноска-Против, Лазе Јаќимоски-Против, Олгица Попоска-За, Игор Стојаноски-За, Даниела Попоска-Против, Анто Трајаноски-воздржан, Тефик Лутфиу-ЗА, Арѓент Асани-ЗА, Валентина Лазаревска-Против, Иванчо Божиноски-ЗА, Миѓен Зендели-ЗА, Виктор Алексоски-ЗА , Рамазан Зулбеари-воздржан, Фортеса Сејдини-ЗА, Сибел Туфекџи-ЗА.

**Со 12 гласа (ЗА), 5 гласа (Против) и 2 гласа (воздржани) Предлог Одлуката за избор на членови во Управениот одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево се усвои.**

**6.ТОЧКА -** Предлог Одлука за избор на членови во Надзорен одбор во ЈП „Комуналец “ Кичево.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по шестата точка -** Предлог Одлука за избор на членови во Надзорен одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево беше ставена на поименично усвојување:

Скендер Џабири-ЗА, Камер Клоси-ЗА , Дренуше Далипи-ЗА, Валбона Адили Емини-(не гласа), Агим Садику-(не гласа), Абдула Сејдини-(не гласа), Филип Митрески-Против, Михајло Данилоски-(се иззема од гласање како вработен во ЈП КОмуналец) , Виолета Спасеноска-Против, Лазе Јаќимоски-Против, Олгица Попоска-За, Игор Стојаноски-За, Даниела Попоска-Против, Анто Трајаноски-воздржан, Тефик Лутфиу-ЗА, Арѓент Асани-ЗА, Валентина Лазаревска-Против, Иванчо Божиноски-ЗА, Миѓен Зендели-ЗА, Виктор Алексоски-ЗА , Рамазан Зулбеари-воздржан, Фортеса Сејдини-ЗА, Сибел Туфекџи-ЗА.

**Со 12 гласа (ЗА), 5 гласа (Против) и 2 гласа (воздржани) Предлог Одлуката за избор на членови во Надзорен одбор во ЈП „Комуналец“ Кичево се усвои.**

**7.ТОЧКА -** Предлог Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за индустриска зона „Запад“ УЕ „И“ , Блок „ИЗ“ – дел 1, Општина Кичево.

**Арѓент Асани:** Информираше дека комисијата за урбанизам и комунални дејности на ден 26.04.2023 одржала седница со дневен ред двете точки што следат со тоа што две точки се усвоиле со три гласа-За при што кај првата имало техничка грешка во легендата од нацрт ДУП-от.
**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за опфат од неколку градежни парцели со намена индустрија.Нацртот е изготвен по сите законски регулативи и после усвојувањето од Советот ќе биде јавно достапен на анкета каде увид ќе може да извршат физички и правни лица и јавни претпријатија.
**Лазе Јаќимоски:** Побара појаснување во врска со техничката грешка бидејќи не присуствувал на комисијата? И имаше уште едно прашање во врска со висината на објектите.
**Беким Мустафај:** Одговори дека се работи за тоа што во графичкиот дел е во ред и стои како што треба-Г1 додека во легендата е техничката грешка и стои намена „А“ за таа парцела што секако тоа ќе се измени.Во врска со висината одговори дека не е спорно и дека и индустриските објекти можат да бидат на две нивоа во предвидената висина од нацртот од 10 метри и сето тоа е во согласност со генералниот урбанистички план.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по седмата точка-** Предлог Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за индустриска зона „Запад“ УЕ „И“ , Блок „ИЗ“ – дел 1, Општина Кичево **се стави на усвојување и се усвои со 17 гласа-За, немаше против и 6 гласа воздржани.**

**8.ТОЧКА -** Предлог Одлука за утврдување на измена и дополна на Нацрт ДУП за населба„Кутлабица 2“ УЕ „Г“, Блок „Г 9“ – дел, Општина Кичево.

**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за измена по барање на странка и со самофинансирање на странката која бара спојување на две соседни парцели врз кои има право на сопственост.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по осмата точка -** Предлог Одлуката за утврдување на измена и дополна на Нацрт ДУП за населба„Кутлабица 2“ УЕ „Г“, Блок „Г 9“ – дел, Општина Кичево **се усвои, со 14 гласа-ЗА, нема против и 9 гласа-воздржани.**

**9.ТОЧКА – Разно-Барања**

**Игор Стојаноски:** Имаше три прашања на кои побара писмени одговори:
Како прво: Во врска со кучињата скитници, пред извесно време побарал од ветеринарната станица која била избрана на тендер залововување на кучиња скитници во околината на ОУ „Владимир

Полежиноски“ но добил одговор од нив дека договорот со Општина Кичево е раскинат, прашањето беше дали договорот е навистина раскинат и кога е направено последно заловување и како прилог побара фотокопија од налогот.
-Како второ: Дали во договорот било предвидено престој во прифатилиште и во која точка од договорот е предвидено тоа?
-Како трето: Дали постои акт во општината со кој се спроведува овој договор?
**<u>Лазе Јаќимоски:</u>** Исто така имаше неколку прашања на кои бара писмен одговор и тоа:
Како прво: По која цена бил договорот со ветеринарната станица „Зебра“ во 2021 година и по која цена била понудата од ветеринарната станица „Центар“ во 2021 година?
Како второ: Која е причината за раскинување на договорот со „Центар“ и каква е банкарската гаранција?
Како трето: Зошто е прекинато со работа со реновирањето на зградата на старата „команда“ и зошто со анекс се излегува надвор од договорот и има дополнителни трошоци?
И како последно: Околу изградбата на паркот во с.Зајас чија вредност по проект било 30 милиони денари, Градоначалникот на претходните седници кажал дека средствата нема да бидат обезбедени од Буџетот, сега излегува дека 16 милиони денари се добиени од проектот а 14 милиони денари треба да се издвојат од Буџетот? Од каде ќе се обезбедат овие средства и зошто не биле како Совет информирани за ова?

**<u>Скендер Џабири:</u>** Информираше дека до Советот има пристигнато неколку барања од граѓани и истите ќе ги прочита а истите ќе се препратат до општината за да се разгледаат и според можностите општината да одговори:

-Како прво беше барање од лицето Иван Аврамоски од с.Другово кој бара финансиска помош заради настанат пожар во неговата куќа каде животот го загубила и неговата мајка.
-Како второ: Барање од МЗ од с.Карбуница кои бараат давање на користење на двор и објект на старото училиште на 50 години.
**<u>Игор Стојаноски:</u>** Иако можеби годините се многу, сепак мисли дека едно вакво давање на користење ќе има ефект како по пример на селото Белица каде МЗ таму направила навистина добри работи во и околу објектот што го превзеде на користење од општината и со аплицирање доби голем проj на проекти.
**<u>Скендер Џабири:</u>**
-Како трето: Месна заедница од с.Кнежино бараат доизградба на локален пат со пекатон плочки во должина од 400 метри и ширина од 3 метри од „Куќа на уметноста“ до место викано „Долец“.
-Како четврто: Месна заедница од с.Брждани бара помош во реставрација на локалниот пат во должина од 1,9 км како и поправка на мост и чистење на каналот на реката во нивниот атар.
-Како петто: Месна заедница од с.Лавчани бара доизградба на пат во должина од 450 метри од црквата до селските чешми со бекатон плочки и доизградба на друг крак во должина од 300 метри до „долно село“.

Претседателот беше на мислење и посочи до секретарот да се проследат овие барања до општината и дека не се преголем товар и дека може да се реализираат.

**Бидејќи немаше повеќе пријавено за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори дваесетата седница на Советот на Општина Кичево во 12.50 часот.**

Записникот го водел ;
-Димче Миловски.

Совет на Општина Кичево
Претседател,
Скендер Џабири